Бр: 03-159/2
Скопје: 06.09.2021

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 06.09.2021 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата ја разгледа доставената Информација од страна на Министерството за транспорт и врски за можноста за започнување на нова постапка за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и по однос на истата нема забелешки.

Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека при продолжување на ваков вид поддршка треба целосно да се земат предвид Насоките на Европската комисија за државна помош на аеродромите и во авиосообраќајот (Guidelines on State aid to airports and airlines 2014/C 99/03). Соодветно, пред евентуалното започнување на нова постапка потребно е давателот на државната помош, односно Министерството за транспорт и врски, согласно член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош да поднесе известување за планирано доделување на помош согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ„ бр. 145/10) и согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на РМ„бр. 142/2011).

Во дописот на Министерството за транспорт и врски се вели дека Договорот за финансиска поддршка на авиопревозници склучен помеѓу Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски и WizzAir Hungary Ltd на 14.01.2019 година со рок на отпочнување на 01.03.2019 година за времетраење од 3 години истекува на 01.03.2022 година. Поради ова се предлага да се разгледа можноста за отпочнување на нова постапка за доделување на финансиска поддршка на авиопревозници. Целта е побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија преку утврдување на еднаков пристап, транспарентност во постапката за доделување на финансиска поддршка, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите во воздушниот сообраќај.

Во доставената Информација се наведени финансиските износи кои се планират да се доделуваат за оваа намена, и тоа:

- за 2022 година 52.643.000 денари
- за 2023 година 121.210.000 денари
- за 2024 година 121.210.000 денари и
- за 2025 година 17.357.000 денари.

Комисијата за заштита на конкуренцијата бара од Министерството за транспорт и врски информации дали Програмата за определување средства потребни за доделување на финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македононија на домашни и странски превозници и Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници се сеуште во сила или ќе се оди кон нивно изменување или можеби сосема нови правни акти донесени за опфаќање/регулирање на материјата за следниов предвиден период. Во случај да се постапи кон нивно изменување или донесување на нови правни акти, се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги достави горенаведените документи како прилог на Известувањето.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**